Врз основа на член 73 став (1) точка 1 од Законот за енергетика* („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/25 и 135/25), член 109 став (4) од Законот за општата управна постапка* („Службен весник на Република Македонија“ бр. 124/15) и член 20 од Правилата за постапување по приговори и разрешување на спорови („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 233/25), Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија на седницата одржана на 16 јули 2026 година донесе

## Р Е Ш Е Н И Е
## за одбивање на приговор

1. Приговорот на Виктор Стоимановски од с. Трновац, Кратово УП2 09-239/26 од 22 мај 2026 година против Решение за согласност за приклучување на електродистрибутивната мрежа на Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје УП1 бр. NCC_35_20251224_298 од 05.05.2026 година СЕ ОДБИВА.

2. Решението за согласност за приклучување на електродистрибутивната мрежа на Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје УП1 бр. NCC_35_20251224_298 од 05.05.2026 година СЕ ПОТВРДУВА.

3. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а се објавува на веб-страницата на Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија.

### О б р а з л о ж е н и е

Виктор Стоимановски од с. Трновац, Кратово до Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија (во понатамошниот текст: Регулаторна комисија за енергетика) поднесе Приговор УП2 09-239/26 од 22 мај 2026 година против Решение за согласност за приклучување на електродистрибутивната мрежа на Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје УП1 бр. NCC_35_20251224_298 од 05.05.2026 година (во понатамошниот текст: Електродистрибуција), против висината на трошокот за приклучок, 1.099.093,00 денари за 11kW приклучок.

Ова е второ поднесување на приговор за истиот објект, при што претходно приговорот беше поднесен против Решение за одбивање на барањето за согласност за приклучување, за кој е издадено Решение за уважување на приговорот УП2 бр. 09-45/26 од 06.04.2026 година.

Според Електродистрибуција – потребна е изградба на околу 655 метри нова нисконапонска мрежа (45 метри надземна и 610 метри подземна). За овој дел нема никаква урбанистичко-планска документација.

На седница на Комисијата за постапување по Приговори од 7 јули 2026 година се разгледуваше следната документација:

1. Приговор УП2 09-239/26 од 22 мај 2026 година со прилог:

- Приговараното Решение

2. Одговор на приговор и дополнителни докази од ЕВН од 23 јуни 2026 година со прилог:

- Спецификации на трошоци и анекс-пресметка
- Слика од барањето за согласност за приклучување
- Имотен лист
- Извештај за пад на напон во мрежата – постоечка и новопредвидена состојба
- Извештај за оптовареност на трафостаница
- Решение за уважување на приговор УП2 бр. 09-45/26 од 06.04.2026
- GIS скица

Регулаторната комисија за енергетика при разгледувањето на Приговорот утврди дека истиот е неоснован.

Имено, видно од доставената документација е дека приговараното Решение односно пресметката на надоместокот за приклучување на електродистрибутивната мрежа кон истото е изработена согласно Мрежните правила за дистрибуција на електрична енергија, имајќи предвид дека се работи за нестандарден приклучок.

Имајќи го предвид горенаведеното, се утврди дека Електродистрибуција постапила правилно издавајќи го сега приговараното Решение, при што се одлучи како во диспозитивот на ова Решение.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова Решение може да се поведе управен спор во рок од 30 дена од денот на приемот на истото.

**УП2 бр. 09–239/26**
**16 јули 2026 година**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**на Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на на Република Северна Македонија**
**Ацо Ристов**